Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 265//0306
27.12 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 12.12.2024 година, врз основа на примена жалба од **Прва детска амбасада во светот – Меѓаши Македонија**, ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА**

Во разговорот со Миодраг Константинов во емисијата „Јади бурек“ емитуван на ТВ Сонце на 28.10.2024, нема отстапување од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот Прва детска амбасада во светот – Меѓаши Македонија, на 05.11.2024 г. до СЕММ упати жалба за разговорот со Миодраг Константинов во емисијата „Јади бурек“ емитуван на ТВ Сонце, при што се наведува дека се нарушени неколку етички правила поврзани со децата. Се потенцира дека е нарушено правото на приватност на децата, потоа правото на недискриминација врз основа на болест, дека е нарушена заштитата на децата и нивниот психо-социјален развој од потенцијално чувство на срам и стигма, а се повикуваат и на меѓународни конвенции, како и на Законот за заштита на децата и Законот за заштита на личните податоци. „Во интерес на заштита на децата и почитување на нивните права, бараме итно дејствување од сите надлежни институции за отстранување на содржината и преземање соодветни мерки за спречување на вакви повреди во иднина“ – се наведува во жалбата упатена до СЕММ.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок не беше доставен одговор од медиумот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека во разговорот со Миодраг Константинов во емисијата „Јади бурек“ емитувана на ТВ Сонце на 28.10.2024 г., нема отстапување од професионалните и етичките стандарди при известувањето, поради што нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и потврди дека станува збор за тема која има елементи на јавен интерес. Станува збор за семејна драма во која имало и семејно насилство, по што во целиот случај се вклучени и институциите на системот кои, меѓу другото, се задолжени и за правата и здравјето на децата.

Комисијата оцени дека, иако на два - три пати се споменати имињата на децата, сепак не може да стане збор за нарушување на нивната приватност, со оглед на фактот што тие не беа експонирани, а дополнително, од страна на новинарот соговорникот е опоменат да не ги споменува во натамошниот тек на разговорот. Суштината на разговорот е насочена кон заштитата на правата на децата од страна на институциите.

Новинарот, водител на разговорот, цело време внимателно го насочува соговорникот да внимава како се изразува, а во еден момент нагласува дека, бидејќи станува збор за деца, државата, социјалните служби и другите институции, треба да реагираат и на јавно искажаниот збор од соговорникот, со цел јавноста да биде уверена дека правата на децата се заштитени и дека тие се безбедни.

Комисијата по расправата за случајот заклучи дека во разговорот нема никакво нарушување од етички аспект, па согласно со тоа нема ниту нарушување на кој било член од Кодексот на новинари на Македонија.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Снежана Трпевска, Жана Божиновска и Тамара Чаусидис и и Зериета Јајага. На состанокот беш отсутен Димитар Мицев.

*Согласно член 8 од Статутот на СЕММ и член 18 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, медиумот е должен оваа одлука да ја објави во рок од три дена од добивањето на истото место каде што бил објавен и текстот со кој е прекршен Кодексот.*

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595